АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ



# NEWSLETTER

**Март 2025** **Бр.3**

## Одржан првиот јавен состанок на АВМУ за 2025 година



Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 26 март го одржа првиот јавен состанок за оваа година, на кој директорот д-р Зоран Трајчевски направи пресек на реализираните активности согласно Годишната програма за работа во првиот квартал. Присутните имаа можност да слушнат за активностите поврзани со спроведените програмски и административни надзори врз радиодифузерите, операторите на јавни електронски комуникациски мрежи и издавачите на печатени медиуми, како и изречените мерки јавна опомена за оние субјекти кои ги прекршиле Законот за медиуми и Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

На настанот беа споменати и активностите поврзани со меѓународната и европска соработка, покренатите постапки за одземање на дозволи за радиодифузерите, одлуките за одземање и доделување на дозвола за емитување програма, доделената донација од 1.500.000 денари за настраданите во пожарот во Кочани и др.

Презентацијата за реализираните активности согласно Годишната програма за работа за периодот јануари-март 2025 е достапна на линкот

## Амбасадорот на Франција Кристоф Ле Риголер во работна посета на АВМУ



Директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги д-р Зоран Трајчевски на 21 март во просториите на Агенцијата оствари работна средба со делегација на амбасадата на Република Франција, предводена од амбасадорот Кристоф Ле Риголер. На самиот почеток на состанокот, амбасадорот Кристоф Ле Риголер изрази длабоко жалење за настраданите во трагичниот пожар во Кочани и ги пренесе пораките на сочувство и емпатија на францускиот народ во овие тешки моменти за македонските граѓани.

Во текот на средбата стана збор за работата на регулаторот и предизвиците со кои тој се соочува, за имплементацијата на македонската легислатива која е усогласена со Директивата за аудиовизуелни медиумски услуги на Европската Унија и потребата од нејзиното понатамошно усогласување со европските акти и стандарди, како и за Изборниот законик во делот за медиумите и за мониторингот на медиумското претставување на изборите.

На крајот на состанокот, соговорниците ги искажаа своите заложби за продлабочување и интензивирање на заедничката соработка.

## Соопштенија за јавност

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 16 март преку соопштение за јавност изрази длабоко жалење во врска со трагедијата во дискотека во Кочани. Агенцијата ги повика медиумите да бидат особено внимателни во известувањето со цел да се почитува достоинството на жртвите и да не се предизвикува дополнителна болка на нивните семејства. Во соопштението беше истакнато дека медиумите треба да водат сметка за рамнотежата помеѓу правото на јавноста да биде информирана и за личната болка и жалост и да избегнуваат да објавуваат експлицитни сцени/фотографии/видеа од настанот, односно стриктно да ги почитуваат професиоалните и етички стандарди. При евентуално објавување на сензитивни содржини тие да бидат означени со соодветно визуелно и /или акустично предупредување.

Откако Владата на РСМ прогласи седумдневна жалост на територија на целата држава, Агенцијата им укажа на медиумите да емитуваат/објавуваат содржини кои по својата медиумска функција одговараат на денови на жалост. Музиката која ќе се емитува да биде од музички жанрови соодветни за денови на жалост, емитувањето на забавните шоу програми, хумористичните емисии или играната програма од жанрот комедија да се одложи по нивното завршување, а емитувањето реклами, односно сите форми на комерцијални комуникации да се одложат до завршувањето на деновите на жалост. За време на деновите на жалост радиодифузерите беа ослободени од обврската за емитување одреден процент домашна музика.

На 19 март, Агенцијата информираше дека во врска со трагичниот пожар во Кочани, на 12-та седницата на Советот на Агенцијата донесена е одлука за доделување на финансиска помош – донација во вкупен износ од 1.500.000,00 денари. Донацијата ќе се спроведе преку Црвениот крст на Република Македонија, на посебна наменска сметка – Фонд за солидарност.



# NEWSLETTER

На 20 март Агенцијата ги повика медиумите да се придржуваат до највисоките професионални и етички стандарди при информирањето за погребите на жртвите во трагичниот пожар во Кочани. Во соопштението беше посочено дека при пренесувањето на информациите, вклучително и преку социјалните мрежи, задолжително треба да се почитува личната болка и жалост на семејствата, роднините и најблиските на загинатите и да им се дозволи достоинствено да се збогуваат со саканите. Медиумите не треба да објавуваат фотографии и видеа со гробни места, блиски членови на семејствата и треба да ги почитуваат приватните моменти за дополнително да не ја зголемуваат болката на ужалените.

На 21 март преку соопштение за јавност најостро беше осуден говорот на омраза и повиците за насилство кон медиуми и новинари. Во соопштението беше посочено дека повиците за напади на медиумите и медиумските работници директно ја загрозуваат безбедноста на новинарите и претставуваат напад врз слободата на изразување. Истовремено, Агенцијата повторно ги потсети медиумите при креирањето на својата програма да обрнат исклучително внимание на содржините на емисиите, филмовите и сериите, особено на тоа какво значење можат да добијат во контекст на овие чувствителни моменти. Информациите и содржините кои се објавуваат да бидат соодветни на денови на жалост и истовремено да ги почитуваат највисоките професионални и етички новинарски стандарди.

## Преглед на пристапни програми за лицата со сетилна попреченост во 2025

На 13 март, Агенцијата го објави Прегледот на програмите кои давателите на медиумски услуги, во согласност со своите акциски планови, ќе ги направат пристапни за лицата со сетилна попреченост во текот на 2025 година. Според Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, давателите на медиумски услуги се должни да преземаат континуирани и прогресивни чекори за обезбедување пристапност на своите услуги за лицата со попреченост. За да се операционализира оваа обврска, беше изработен Правилник за пристапност до медиумските услуги, усвоен од Советот на Агенцијата на 13 јуни 2024 година, врз основа на кој засегнатите медиумски услуги доставија годишни акциски планови за 2025 година.

За сите прашања поврзани со пристапноста на медиумските услуги, Агенцијата воспостави електронска адреса dostapnost@avmu.mk. Оваа контактна точка служи за добивање информации, поднесување претставки, доставување акциски планови и извештаи, како и за размена на релевантни информации.

Прегледот на програмите кои давателите на медиумски услуги, во согласност со своите акциски планови, ќе ги направат пристапни за лицата со сетилна попреченост во текот на 2025 година може да преземе на следниот линк

## Надзори врз радиодифузери и оператори на јавни електронски комуникациски мрежи

Редовни програмски надзори за почитувањето на повеќе законски обврски се извршени врз Наша ТВ, ТВ 21-М, ТВ 24 Вести, ТВ Клан Македониа, ТВ Шења и ТВ Сонце. Надзорите ги опфатија обврските за употреба на јазикот во програмите, дневно емитување најмалку 12 часа програма на телевизијата и дневно емитување најмалку 30% изворно создадена како македонски аудио или аудиовизуелни дела, правилата при емитување аудиовизуелни комерцијални комуникации, заштита на малолетните лица од програми што би можеле да им наштетат на нивниот физички, психички или морален развој, заштита на личните податоци на малолетните лица, обезбедување квизови или други облици на наградно учество, користење телефонски услуги со додадена вредност и телефонско гласање, емитување игри на среќа. Со надзорите се констатирани повеќе прекршувања кај радиодифузерите за различни одредби од ЗААВМУ. На програмата на Наша ТВ емитувана на 4 март во премиерните и репризните изданија на емисиите „Проект здравје”, „Градиме да трае” и „Зготвено над облаци“, беа емитувани поп-ап/реклами на поделен екран меѓу кои не минува пропишаниот период од најмалку 15 минути.

На програмата на ТВ 21-М емитувана на 4 март во премиерното издание на емисијата „Thirre 21-shin (Повикај го 21)“ констатирани се три прекршувања – емитувани се поп-ап/реклами на поделен екран меѓу кои не минува пропишаниот период од најмалку 15 минути, емитувана е прикриена аудиовизуелна комерцијална комуникација за „Оптика Капри“ и не се почитувани обврските при организирање програми со наградно учествување. На програмата на ТВ 24 Вести емитувана на 4 март, во специјализираната информативна емисија „Фактор здравје со Билјана Дебарлиева“ не беа почитувани условите за пласирање производи во аудиовизуелните програми, како и правилата за означување на програмите што содржат пласирани производи, додека на програмата на ТВ Клан Македониа емитувана на 4 март, епизодите од играните серијали Nënë (Majka)“, „Merjem“ и „Tradhetia (Неверство)“, кои се означени како програми од трета категорија (12+) беа емитувани во несоодветни временски периоди од програмскиот сервис.



# *NEWSLETTER*

ТВ Клан Мацедониа и ТВ Шења на своите програми емитувани на 5 март не емитуваа најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела, ниту пак најмалку половина од законскиот минимум изворно создадена програма како македонски аудиовизуелни дела, го емитуваа во периодот од 7:00 до 19:00 часот. Единствено кај ТВ Сонце не беше констатирано прекршување на законските одредби.

Врз истите телевизии е спроведен и редовен административен надзор за обврските за објава на импресум, информации коишто треба да се направат достапни до корисниците и обврската за објава на идентификација на радиодифузерот. При надзорот е констатирано прекршување кај ТВ 21-М, ТВ Клан Мацедониа и ТВ Шења. ТВ 21-М не ги објави податоците за импресумот во емисиите „#21 Reportazhe" и „Për ditë të mbarë"; ТВ Клан Мацедониа нема објавено податоци за импресум во образовните емисии со верска содржина по повод Рамазан „Merr Frymë" („Диши") и „N'konak te Hoxha" („Во конакот на Оџата") и на актуелно-информативната емисија „Klan debat", како и информациите кои треба да им се направат достапни на корисниците. ТВ Шења не ги објави податоците за импресумот на документарната програма „Al Jazeera hulumton (Al Jazeera – Investigations)".

Извршен е и еден контролен програмски надзор врз ТВ Спектра, за да утврди дали радиодифузерот постапил по изречените мерки јавна опомена, упатени заради непочитување на обврската за емитување програма на македонски јазик и кирилско писмо и неемитување најмалку 30% дневно програма изворно создадена како македонски аудио или аудиовизуелни дела. При надзорот беше констатирано дека телевизијата не постапила по мерката јавна опомена, односно на програмата емитувана на 20 февруари нема емитувано најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела.

По службена должност, извршен е вонреден програмски надзор врз работата на Универзитетското Радио УГД ФМ со цел да констатира дали радиодифузерот го спроведува програмскиот концепт за кој му е издадена дозволата за радиодифузна дејност. Со вонредниот надзор е констатирано дека радиодифузерот на програмата емитувана во периодот од 10 до 16 февруари нема спроведено најмалку 80% од програмскиот концепт за кој му е издадена дозволата за радиодуфузна дејност.

## **Оператори на јавни електронски комуникациски мрежи**

Агенцијата изврши редовни програмски надзори врз операторите Вива Нет, Кабел-Л-Нет, Македонски Телеком, Неотел, Теленет Ком и Инфел-КТВ за обврската во програмскиот пакет којшто го реемитуваат задолжително и бесплатно да ги обезбедат програмските сервиси на јавниот радиодифузен сервис, како и за обврските за регистрација на програмски сервиси во Агенцијата и титлување на програмите коишто ги реемитуваат. При надзорите не се констатирани прекршувања.

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ул. Македонија бр. 38, 1000 Скопје
тел. (02) 3103400 факс: (02) 3103401
е-пошта: contact@avmu.mk веб страница: www.avmu.mk

INTERCERT system certification ISO 9001: 2015 CERTIFIED Q-028/2018